**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# П Р О Г Р А М А

# ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2026 ГОДИНА

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), Советот наОпштина Крива Паланка на седницата одржана на 09.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# За изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2026 година

## I. ВОВЕД

Годишната програма за изработка на урбанистички планови е во согласност со член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање каде се изработуваат урбанистички планови и проекти финасирани од буџетот на општината и од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Годишната програма задолжително се објавува во службено гласило на општината и во електронска форма на официјалната веб страна на општината како и во информацискиот систем на е-урбанизам.

Во урбанистичките планови покрај приватниот интерес на правни и физички лица е опфатен и јавниот интерес во просторот кој е опфатен со уредување и хуманизација, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувување на природните и културните вредности на просторот.

За интересот на локалната заедница и развојната стратегија на општината, како јавниот интерс, се води грижа во сите фази од урбанистичкото планирање, односно во постапките на изработување, донесување, спроведување и следење на спроведуувањето на урбанистичките планови.

Со урбанистичките планови и урбанистичкото планирање се штити јавниот интерес кој е приоритетен, додека приватниот интерес се обезбедува согласно закон.

Урбанистичкото планирање е дел од системот на просторно и урбанистичко планирање што се состои од Просторниот план на РСМ каде урбанистичките планови се дел од спроведувањето.

Со урбанистичкото планирање и урабнистичките планови се планираат приоритетите во областа на урбаното живеење.

Урбанистичкото планирање се обезбедува со континуиран процес на изработка, донесување, спроведување и следење на плановите.

Урбанистичко планирање е планерска урбанистичка и урбанистичко-архитектонска дејност за просторно разработување и спроведување на просторните планови со физичко обликување и уредување на границите на населените места и на градбите вон населените места, како и организација, намена, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби.

Урбанистички план е јавен документ со кој се уредува организацијата, намената, формата и начинот на употреба на просторот и земјиштето, како и просторните и функционалните услови за изградба и употреба на планираните градби.

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува за разработка и спроведување на урбанистичкиот план.

## II. ЦЕЛИ

Навременото донесување на планска документација за потребите на населеното и вон населеното место е неопходно и приоритетно во развојниот процес на Општина Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

Со урбанистичките планови се уредуваат границите на населените места и границите на планираните градби вон населените места, организацијата, намената, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби.

Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови каде се обезбедува рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив просторен развој, сочување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочување и заштита на недвижното културно наследство, безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Целите на урбанистичкото планирање се остварува со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови со интегрален пристап во планирањето, грижа и развој на регионалите особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

## III. АКТИВНОСТИ

**1. Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување**
**1.1. Детални урбанистички планови за Крива Паланка**
-Изработка и донесување на ДУП за блок  дел од З-04 (блок13-В според ГУП од 2014);
-Изработка и донесување на ДУП за блок  дел од Ј-01;
-Изработка и донесување на ДУП за блок  дел од Ј-09;
-Изработка и донесување на ДУП за блок  дел од Ј-12;
-Изработка и донесување на ДУП за блок  дел од И-13
-Изработка и донесување на ДУП за дел од блок С-01;

**Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:**

**1.1.1. ДУП за дел од блок 3-04 (блок 13-В според ГУП од 2014)**

Границата започнува северозападно од магистралниот пат А2 кај долот кај бензинска пупма во населба „Грамаѓе“ продолжува јужно по долот до улица „Пролетерска“ каде свртува источно по улица „Пролетерска“ до КП7128 каде продолжува југо-источно по граници на КП до дол кај КП7125 каде по долот продолжува северно, ја пресекува улица „Пролетерска“ на север по долот до магистралниот пат А2 каде свртува западно по осовина на магистралниот пат А2.

Површината на опфатот изнесува 7,01 ха. (финансиран од физички лица)

**1.1.2. ДУП за дел од блок Ј-01**

Границата започнува од вливот на долот „Скрљавски дол“ во „Крива Река“ и оди кон југ узводно по долот и доаѓа до ул„Св. Јоаким Осоговски“, свртува кон исток и оди по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до долот кај житен склад каде што свртува кон север и оди по течението на долот до вливот на долот во „Крива Река“ каде што свртува кон запад и оди по течението на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на „Скрљавски дол“ во „Крива Река“. Површината на опфатот изнесува 11,89 ха.

(финансиран од Општина Крива Паланка)

**1.1.3. ДУП за дел од блок Ј-09**

Границата започнува од ул.„Св. Јоаким Осоговски“ кај „Белевски Дол“ кај северо-западно од КП3847 каде продолжува севроисточно по осовина на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ се до раскрсица со ул.„Кочо Рацин“ кај КП3845/1 каде свертува јужно по осовина на ул.„Кочо Рацин“, југо-западно по осовина на ул.„Кочо Рацин“ каде наспроти КП3868/2 свртува јужно по осовина на ул.„Кочо Рацин“ се до наспроти КП3859 каде свртува западно по осовина на ул.„Кочо Рацин“ преку кејска улица на „Белевски Дол“ до „Белевски Дол“ каде свртува северно по осовина на „Белевски Дол“ каде доаѓа до почетна точка Површината на опфатот изнесува 1,20 ха.

(финансиран од од правно лице)

**1.1.4. ДУП за дел од блок Ј-12**

Границата започнува од раскрсница на ул.„Св.Јоаким Осоговски“ со Градска магистрална улица и улица „Индустриска“ југозападно, продолжува северно по осовина на Градска магистрална улица се до пресек со „Белевски“ Дол каде потоа свртува источно по осовина на „Белевски“ Дол се до пресек со ул.„Св.Јоаким Осоговски“, каде потоа свртува југозапдно по осовина на ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува по осовина западно се до раскрсница до почетна точка.

Површината на опфатот изнесува3,89ха.

(финансиран од правно лице)

**1.1.5. ДУП за дел од блок И-13**

Границата започнува од вливот на „долот Единство“ во „Крива Река“ и се движи североисточно узводно по осовина на „Крива Река“ до „Шанин Мост“ каде свртува јужно кон вливот на „долот Нимулија“ во „Крива Река“, продложува јужно узводно по осовина на „долот Нимулија“ се до пресек со крак од ул.„Св. Јоаким Осоговски“, потоа свртува западно по осовина на крак од ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува западно по осовина на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ се до „долот Единство“, каде свртува северно низводно по осовина на „долот Единство“ и доаѓа до почетна точка.

Површината на опфатот изнесува 4,56 ха.

(финансиран од физички лица)

**1.1.6. ДУП за дел од блок С-01**
Границата започнува од „Крива Река“ наспроти „спортскиот комплекс“ кон КП250/2, продолжува северно по граница на наменска зона од железничка пруга, свртува источно по границата на наменската зона од железничката пруга се до „Крива Река“ наспроти „граскиот базен“, свртувас јужно по осовина на „Крива Река“, го пресекува постоечкиот пат на магистарлниот пат А2, свртува западно по осовина на „Крива Река“ и доаѓа до почетана точка. Површината на опфатот изнесува3,06ха.
(финансиран од физичко лице)

**1.2. Урбанистички план вон населено место**
**-**Изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на локална депонија за одлагање на неопасен отпад со намена Е3.1 и згради за ветеринарна заштита: стационар и ординации за домашни миленичиња со намена В2.9 во КО Конопница Општина Крива Паланка Површината на опфатот изнесува 1.119 ха.
(финансиран од Општина Крива Паланка)

-Изработка на Урбанистички план вон населено местоза изградба на викенд населба во м.в Калин Камен, во КО Б’с и КО Кркља, Општина Крива Палака.
Површината на опфатот изнесува 7.3 ха.(финансиран од Општина Крива Паланка)

**2. Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување**
**2.1. Детални урбанистички планови за Крива Паланка**
-Изработка и донесување на ДУП за блок З-01;
-Изработка и донесување на ДУП за блок З-09;
-Изработка и донесување на ДУП за дел од блок С-03;
-Изработка и донесување на ДУП за дел од блок С-04;
-Изработка и донесување на ДУП за дел од блок И-10 ;
-Изработка и донесување на ДУП за дел од блок З-04.(од ул.„Пролетерска“ до дол„Грамаѓе 1“);

**Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:**

**2.1.1. ДУП за блок З-01**
Границата започнува на граница помеѓу населба Грамаѓе и населба Мизовски ливади, јужно од постоечкиот мост на „Крива Река“ од градската магистрала (обиколница), продолжува северно по осовината на градската магистрала (обиколница), поминува покрај раскрсница со експресен пат, продолжува северо-источно по осовина на градската магистрала (обиколница) со до источно од КП3745 каде свртува јужно по нопланираниот мост на „Крива Река“, каде повторно свртува југо-западно по осовина на „Крива Река“, продолжува по осовина на „Крива Река“ се до почетна точка. Површината на опфатот изнесува 7,66 ха. (финансиран од Општина Крива Паланка)

**2.1.2. ДУП за блок З-09**
Границата започнува јужно од ул.„Пролетерска“ во пресек со ул.„Млави“ кај м.в.„Штала“ во населба Грамаѓе продолжува северно по осовина на ул.„Млави“ и доаѓа до Магистрален пат А2 каде продолжува западно по магистарлниот пат А2 каде свтртува јужно по граница на КО Крива Паланка, по граница на „новите градски гробишта“, продолжува југо-источно кон „Ицев дол“, јужно низ долот „Ицев дол“ каде завршува источно кон м.в.„Штала“ во

населба Грамаѓе. Површината на опфатот изнесува 8,26 ха. (финансиран од Општина Крива Паланка)

**2.1.3. ДУП за дел од блок С-03**

Границата започнува јужно на ул.„Партизанска“ на КП373/2 кај „Тораничка зграда“, каде продолжува северно по крак од ул.„Партизанска“ низ осовнина на КП4610/1 се до северно на КП377/2, свртува источно кон „Домачки дол“, продолжува јужно по осовина на „Домачки дол“, ја пресекува градската магистрала (обиколница) се до осовина на „Крива Река“, свртува југо-западно по осовина на „Крива Река“, свртува северно кон КП373/2 каде повторно јеа пресекувава градската магистрала (обиколница) и доаѓа до почетната точка. Површината на опфатот изнесува0,85ха.
(финансиран од Општина Крива Паланка)

**2.1.4. ДУП за дел од блок С-04**

Границата започнува јужно на ул.„Ристена Гоговска“ помеѓу КП832 и КП1637, каде продолжува северно по крак од ул.„Ристена Гоговска“ низ осовнина на КП877, свртува истоно кон КП840, продолжува северо-источно по граница на КП840 и КП839/1, каде свртува источно низ КП4611 по осовина на ул.„Моша Пијаде“, продолжува северо-источно по осовина на ул.„Моша Пијаде“ се до северно од КП635, каде свертува јужно помеѓу КП635 и КП636, продолжува југо источно помеѓу КП634 и КП638, помеѓу КП634 и КП643, источно до ул.„Моша Пијаде“ на КП4611, каде свртува јужно кон градската магистрала (обиколница), ја пресекува градската магистрала (обиколница) и продолжува кон осовина на „Крива Река“, свртува југо-западно по осовина на „Крива Река“, свртува северно кон КП1637 каде повторно јеа пресекувава градската магистрала (обиколница) и доаѓа до почетната точка. Површината на опфатот изнесува 4,24ха.
(финансиран од Општина Крива Паланка)

**2.1.5-ДУП за дел од блок И-10**

Границата започнува од дол „Нимулија“ наспроти КП2144/1, продолжува северно по осовина на ул.„Св.Јоаким Осоговски“ до раскрсница со ул.,„Јане Сандански“ каде свртвува југо-источно по осовина на ул.,„Јане Сандански“, продолжува до раскрсница со ул.„Прохор Пчински“, каде потоа свртува и продолжува западно по осовина на ул.„Прохор Пчински“, се до почетна точка кај дол „Нимулија
Површината на опфатот изнесува0,29ха.(финансиран од физичко лице)

**2.1.6. -ДУП за дел од блок З-04(од ул.„Пролетерска“ до дол„Грамаѓе 1“)**

Границата започнува јужно на пресекот на ул„Пролетерска“ со дол „Грамаѓе 1“ наспроти КП7120/1, продолжува северно по осовина на дол „Грамаѓе 1“ до пресек со со магистрална улица А2 каде свртвува источно по осовина на магистрална улица А2 се до раскрсница со ул.„Пролетерска“, свртува југо-западно по осовина на ул.„Пролетерска“, поминува низ раскрисница со ул.„Вардарска“, продолжува по осовина на ул.„Пролетерска“ се до почетна точка на пресекот на ул„Пролетерска“ со дол „Грамаѓе 1“. Површината на опфатот изнесува1,22ха.(финансиран од физичко лице)

**3. Изработка на урбанистичка проектна документација**

-Изработка и донесување на урбанистички проекти за потребите на Општина Крива Паланка;

-Изработка и донесување на урбанистички проект по одобрена иницијатива од правни и физички лица.

4. Изработка на урбанистичка планска документација

-Урбанистичка планска документација ќе се изработува за потребите на Општина Крива Паланка за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови;

-Урбанистичка планска документација ќе се изработува по одобрена иницијатива поднесена од страна на правно или физичко лице за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови.

5. Урбанистички план за село за кои треба да започне изработка и донесување

-Урбанистички план за с.Градец.

Површината на опфатот ќе се утврди пред отпочнување на постапката.

6. Ревизија на урбанистичка планска документација

-Изработка на Ревизија за урбанистичка планска и проектна документација од страна на правно лице што ги исполнува условите за вршење на работите за изработување на ревизија согласно законот за урбанистичко планирање.

7. Изработка на хидролошка студија

-Набавка на хидролошка студија за потреба на урбанистички планови и проекти.

8. Изработка на заштитно-конзерваторски основи

-Изработка на заштитно конзерваторски основи-ЗКО за потреба на урбанистички планови и проекти.

9. Услови за планирање на просторот

-Набавка на Услови за планирање на просторот за потреба на урбанистички планови и проекти.

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**-**За донесување на ДУП за дел од блок Ј-01 со површина од 11.89 ха, од глава IIIточка 1.1. став 2 средствата за финасирање ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка во вредност од 400.000,00 денари.

-За изработка и донесување на останатите Деталните урбанистички планови дадени во глава IIIточка 1.1. на оваа програма средствата ќе се обезбедат од физички и правни лица.

-За изработка и донесување на УПВНМ дадени во глава IIIточка 1.2. на оваа програма потребни се средства во износ од1.050.493,00денари. кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

-За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава IIIточка 2.1. став3 на оваа програма потребните средства ќе се обезбедат физичко лице.

-За изработка и донесување на останатите Деталните урбанистички планови дадени во глава IIIточка 2.1. на оваа програма потребни се средства во износ од 2.424.520,оо денари. кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка,

-За изработка на урбанистички проекти од глава IIIточка 3 став 1 на оваа програма, потребни се сретства во износ од 2.000.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

-За изработка на урбанистички проекти од глава IIIточка 3 став 2 на оваа програма, потребни се сретства ќе се обезбедат од правни и физички лица.

-За изработка на урбанистички план од глава IIIточка 4 став 1 на оваа програма, потребни се сретства во износ од 500.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
-За изработка на урбанистички план од глава IIIточка 4 став 2 на оваа програма, потребни се сретства ќе се обезбедат од правни и физички лица.
-За изработка на урбанистички план за село од глава IIIточка 5 на оваа програма, потребни се сретства во износ од 500.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ.
-За ревизија урбанистички планови од глава IIIточка 6 се потребни сретства во вредност од 100.000,00 денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
-За изработка на хидролошка студија од глава IIIточка 7 се потребни сретства во вредност од 150.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
-За изработка на Конзерватроски основи од глава IIIточка 8 се потребни сретства во вредност од 150.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
-За изработка на Услови за планирање на просторот од глава IIIточка 9 се потребни сретства во вредност од 300.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
Вкупно потребни средства за реализација на Програмата за урбанистички планови за 2025 година се во вредност од 7.575.013,оо денари со ДДВ и истите ќе се обезбедат дел од буџетот на Општина Крива Паланка и дел од буџетот на РСМ, а останатите сретства кои се потребни за изработка и донесување на урбанистички планови започнати по поднесени иницијативи од страна на физички и правни лица истите ќе се обезбедат од нивна страна.

**V. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.
Програмата задолжително ќе биде објавена во службеното гласило на општината, во електронска форма на веб страна на општината и во информацискиот систем на е-урбанизам.

**Бр.09-6407/43**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковска**

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2025 година

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ: Изработка на планови преку кои ќе се врширамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на мажите и жените, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив просторен развој, сочување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочување и заштита на недвижното културно наследство, безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ф1 425640 | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.1 Изработка и донесување на ДУП за блок дел од 3-04 (блок 13-В според ГУП од 2014); | 1.1.1. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.1.2. Донесување од страна на совет на општината<br>1.1.3. Спроведување на планот | Јули-Септември 2026 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-оставрување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | Одделение за урбанизами заштита на животната средина | Финансиран од физичко лице |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.2. Изработка и донесување на ДУП за блок дел од Ј-01 | 1.2.1. Обезбедување на согласност од МТВ | Јануари-март | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на | Одделение за урбанизам и | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.2.2. Донесување од страна на совет на општината<br>1.2.3. Спроведувањенапланот | 2026 | јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-остварување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | заштита на животната средина | 400.000, 00 ден |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1. 3. Изработка и донесување на ДУП за блок дел од Ј-09 | 1.3.1. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.3.2. Донесување од страна на совет на општината<br>1.3.3. Спроведување на планот | Март-Јуни 2026 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-остварување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | Одделение за урбанизами заштита на животната | Финансиран од физички лица |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.4. Изработка и донесување на ДУП за блок дел од Ј-12 | 1.4.1. Обезбедување на мислење од институции<br>1.4.2. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.4.3. Донесување од страна на совет на општината | декември 2026 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се | Одделение за урбанизами заштита на животната | Финансиран од физички лица |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.4.4. Спроведување напланот | | дефинирани во деталните планови.<br>-оставрување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | | |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.5 Изработка и донесување на ДУП за блок дел од И-13 | 1.5.1. Изработка на планот<br>1.5.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.5.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.5.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.5.5. Донесување од страна на совет на општината<br>1.5.6. Спроведувањенапланот | декември 2026 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-оставрување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | Одделение за урбанизами заштита на животната | Финансиран од физички лица |
| | 1.6 Изработка и донесување на ДУП за блок дел од С-01 | 1.6.1. Обезбедување на мислење од институции<br>1.6.2. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.6.3. Донесување од страна на совет на општината<br>1.6.4. Спроведувањенапланот | декември 2026 | 8059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-оставрување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | Одделение за урбанизами заштита на животната | Финансиран од физички лица |



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.7 Изработка и донесување на УПВНМза изградба на локална депонија за одлагање на неопасен отпад со намена Е3.1 и згради за ветеринарна заштита: стационар и ординации за домашни миленичиња со намена В2.9 во КО Конопница Општина Крива Паланка** | **1.7.1. Изработка на планот<br>1.7.2. Спроведување на постапка за донесување<br>17.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.7.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.7.5. Донесување од страна на совет на општината<br>1.7.6. Спроведување на планот** | **декември 2026** | **-Контролирано одлагање на инертниот отпад;<br>--Спречување на создавање надиви депонии;<br>-Заштитена животната средина а со тоа и здравјето на за жителите на општината -18059 граѓани/ки од кои (51,5% мажи и 48.5% жени).** | **Одделение за урбанизами заштита на животната** | **250.000, 00ден** |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.8 Изработка и донесување на УПВНМза изградба на викенд населба во м.в Калин Камен, на дел од КП бр. 5322 и на дел од КП 5408 во КО Крклја, КП бр.477, дел од КП476, КП475, дел од КП1024 во КО Б'с, Општина Крива Палака.** | **1.8.1. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.8.2. Донесување од страна на совет на општината<br>1.8.3. Спроведување н апланот** | **Јуни 2026** | **18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот<br>-развој на туризмот<br>-развој на економијата преку привлекување на туристки и туристи** | **Одделение за урбанизами заштита на животната** | **800.493.00 ден** |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.9.Изработка и донесување на урбанистички проекти за потребите на Општина Крива Паланка. | 1.9.1. Изработка на проектот<br>1.9.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.9.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.9.4. Донесвање на Решение од страна на Градоначалникот на општината | јануари –декември 2026 | -18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари<br>-подобрување на уловите за живот на граѓаните и граѓанките преку создавање на услови за изградба на водоводна и канализациона мрежа<br>-создавање на услови за изградба на нова сообраќајна мрежа од улици и патишта | Одделение за урбанизами заштита на животната | 2.000.000.00 ден |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.10 Изработка и донесување на урбанистичко планска документација за потребите на Општина Крива Паланка | 1.10.1. Изработка на планот<br>1.10.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.10.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.10.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.10.5. Донесување од страна на совет на општината | јануари –декември 2026 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот<br>-развој на туризмот<br>-развој на економијата преку привлекување на туристки и туристи | Одделение за урбанизами заштита на животната | 500.000,00 ден |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.11. Изработка на урбанистички план за село Градец | 1.11.1. Изработка на планот<br>1.11.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.11.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.11.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.11.5. Донесување од страна на совет на општината | декември 2026 | -18059 граѓани (51,5% мажи и48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на намена на површини кои се дефинирани во планот.<br>-остварување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | Одделение за урбанизами заштита на животната | 500.000,00 ден |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.12.Изработка и донесување на ДУП за блок 3-01 | 1.12.1. Изработка на планот<br>1.12.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.12.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.12.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.12.5. Донесување од страна на совет на општината<br>1.12.6. Спроведување на планот | Март 2027 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-оставрување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | Одделение за урбанизами заштита на животната | 856.800,00 ден |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.13.Изработка и донесување на ДУП за блок 3-09 | 1.13.1. Изработка на планот<br>1.13.2. Спроведување на постапка за донесување | Март 2027 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, | Одделение за урбанизами заштита на животната | 856.800,00 ден |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.13.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.13.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.13.5. Донесување од страна на совет на општината<br>1.13.6. Спроведување на планот | | улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-остварување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот интерес | | |
| | | | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.14.Изработка и донесување на ДУП за блок С-03** | **1.14.1. Изработка на планот<br>1.14.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.14.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.14.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.14.5. Донесување од страна на совет на општината<br>1.14.6. Спроведувањенапланот** | **Јануари 2027** | **18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-остварување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот** | **Одделение за урбанизами заштита на животната** | **160.120,00 ден** |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.15.Изработка и донесување на ДУП за блок С-04** | **1.15.1. Изработка на планот<br>1.15.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.15.3. Обезбедување на мислење од институции** | **Јануари 2027** | **18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и** | **Одделение за урбанизами заштита на животната** | **550.800,00 ден** |


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.15.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.15.5. Донесување од страна на совет на општината<br>1.15.6. Спроведувањенапланот | | зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-оставрување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот | | |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџетм кд |
| | 1.16.Изработка и донесување на ДУП за дел од блок 3-04(од улица Пролетерска до дол Грмаѓе 1) | 1.16.1. Изработка на планот<br>1.16.2. Спроведување на постапка за донесување<br>1.16.3. Обезбедување на мислење од институции<br>1.16.4. Обезбедување на согласност од МТВ<br>1.16.5. Донесување од страна на совет на општината<br>1.16.6. Спроведување на планот | Јануари 2027 | 18059 граѓани (51,5% мажи и 48.5% жени) ќе можат рационално да го користат просторот по однос на јавни површини, улици,тротоари, паркови и зеленило и сл кои се дефинирани во деталните планови.<br>-оставрување на јавниот интерес<br>-заштита на приватниот | Одделение за урбанизами заштита на животната | Финансиран од физички лица |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџе тмкд |
| | 1.17.Ревизија на урбанистичка планска документација | | јануари-декември 2026 | | Одделение за урбанизами заштита на животната | 100.000,00 ден |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.18.Изработка на хидролошка студија | | јануари-декември 2026 | | Одделение за урбанизами | 150.000,00 ден |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | заштита на животната | |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.19.Изработка на заштитно-конзерваторски основи | | јануари-декември 2026 | | Одделение за урбанизами заштита на животната | 150.000,00 ден. |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | 1.20.Услови за планирање на просторот | | јануари-декември 2026 | | Одделение за урбанизами заштита на животната | 300.000,00 ден. |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка